Врз основа на член 22, член 170 и член 171 од Законот за трговски друштва (Службен весник на Р.М. бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 199/13, 120/13, 187/13, 38/14 и 41/14) лицата (во натамошниот текст: Содружници):

1. [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. државјанин на [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. со ЕМБГ [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. и лична карта број [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]., со постојано место на живеење на [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. и
2. [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. државјанин на [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. со ЕМБГ [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. и лична карта број [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]., со постојано место на живеење на [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ].

на ден [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. година до склучија следниот

# ДОГОВОР

## за основање на Друштво со ограничена одговорност

**ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

### Член 1

Со овој Договор за основање на друштвото со ограничена одговорност (во понатамошен текст: друштвото) се утврдува:

1. Податоците за содружниците;
2. Фирмата и седиштето на друштвото;
3. Предметот на работење на друштвото;
4. Времетраењето на друштвото;
5. Износот на основната главина и износот на поединечните влогови на содружниците;
6. Управителот на друштвото;
7. Застапување на друштвото;
8. Правата и обврските на содружниците;
9. Начинот на распределба на добивката и начинот на покривање на загубата;
10. Управувањето со друштвото;
11. Престанок на друштвото;
12. Други одредби.

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ НА СОДРУЖНИЦИТЕ**

**Член 2**

Друштвото го основаат следните содружници:

1. [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. државјанин на [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. со ЕМБГ [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. и лична карта број [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]., со постојано место на живеење на [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. и
2. [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. државјанин на [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. со ЕМБГ [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. и лична карта број [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]., со постојано место на живеење на [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ].

**ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО**

**Член 3**

Друштвото ќе работи под фирмата:

[ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ].

Скратен назив на друштвото ќе биде:

[ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ].

**Член 4**

Седиштето на друштвото е на улица [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ].

**Член 5**

Друштвото може да ја менува фирмата и седиштето, за што се носи Одлука на собирот на содружниците.

**ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО**

**Член 6**

Согласно Законот како предмет на работење се запишува:
**ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС**
Приоритетна дејност/Главна приходна шифра е:

[ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ].

**Член 7**

Друштвото ќе ги обавува сите дејности во надворешниот промет.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДРУШТВОТО**

**Член 8**

Друштвото се основа на неопределено време.

**ИЗНОС НА ОСНОВНА ГЛАВНИНА И ИЗНОС НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ ВЛОГОВИ НА СОДРУЖНИЦИТЕ**

**Член 9**

Основната главнина на друштвото е непаричен влог во вредност од 5.000,00 Евра кој основачот не го вложува при основањето на Друштвото, **а истиот ќе го внесе во друштвото во рок од (1 една ) година од денот на објавувањето на уписот** на Друштвото на ВЕБ страницата на Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 10**

Содружниците ги подмируваат трошоците за основање на друштвото сразмерно на нивните основачки влогови.

**КНИГА НА УДЕЛИ**

**Член 11**

Друштвото води книга на удели, која ја ажурира Управителот.

По запишувањето на друштвото во трговскиот регистар, во книгата за удели се внесуваат презимето и името (фирмата и називот), занимањето и местото на живеење (седиштето) на секој содружник, износот на основниот влог и посебните права и обврски што произлегуваат од него.

Во книгата на удели се запишува секоја промена поврзана за уделот.

**Член 12**

Содржниците слободно располагаат со своите удели. Истите може да се пренесуваат меѓу содружниците, а и на трети лица. Во случај на пренос на удел на трети лица, првенство на купување на уделот има другиот содружник.

**УПРАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО**

**Член 13**

Со друштвото управува управител.

Управителот се именува со Одлука на собирот на содружниците на неопределено време.

Управителот се разрешуваат со Одлука на собирот на содружниците.

За управител на Друштвото се именува:

[ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. државјанин на [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. со ЕМБГ [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. и лична карта број [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]., со постојано место на живеење на [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]..

Одлуката за именување на управител на Друштвото стапува во сила со денот на запишување во трговскиот регистар.

Управителот ќе го застапува и претставува Друштвото во внатрешниот и надворешниот промет, со неограничени овластувања.

Во рамките на неговите овластувања управителот може да ги преземе сите правни работи и дејствија во односите со трети лица кои се повразани со работите кои се од интерес на друштвото.

Управителот во извршувањето на своето овластувања ќе се придржуваат кон овој Договор и позитивните законски прописи.

Управителот е лично и неограничено одговорен кон Друштвото и кон трети лица за работењето спротивно на одребите на позитивните законски прописи, како и за непочитување на овој Договор.

Управителот е должен да ги води работите на друштвото со внимание на уреден и совесен трговец и да ја чува деловната тајна на друштвото.

**Член 14**

Без согласност на содружниците, управителот на Друштвото не може:

- за своја или туѓа сметка да врши работи што спаѓаат во предметот на работење на Друштвото;
- да биде содружник во друго Друштво кое што има ист или сличен предмет на работење на Друштвото;
- да бидат членови на орган на управување во друго Друштво кое што има ист или сличен предмет на работење на Друштвото;
- во просториите на Друштвото да врши работи за своја или за туѓа сметка.

Доколку управителот постапи спротивно на ограничувањата од став 1 на овој член, Друштвото може од управителот да бара надомест на штета или да бара на Друштвото да му ја отстапи правната работа што ја склучил за своја сметка и да му ја даде корист која што потекнува од правната работа, склучена за своја или за туѓа сметка.

**<u>ПРАВА И ОБВРСКИ НА СОДРУЖНИЦИТЕ</u>**

**Член 15**

Секој содружник има право да учествува во управувањето со друштвото и во распределбата на добивката, да биде известуван за работењето на друштвото, да ги разгледува книгите и

списите на друштвото, како и право на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса.

### Член 16

Секој содружник е должен презлемениот основен влог да го вложи во друштвото во согласност со Одлуката на собирот на содружниците.

## СОБИР НА СОДРУЖНИЦИ

### Член 17

Орган на одлучување во друштвото е собирот на содружници. Собирот на содружници го сочинуваат сите содружници. Собирот на содружници се свикува најмалку еднаш годишно.

### Член 18

Собирот на содружниците ги врши следните работи:

- ги усвојува годишната сметка и годишните финансиски извештаи како и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучува за распределбата на добивката и за покривање на загубите;

- го избира и го отповикува управителот и одлучува за склучување на договор меѓу друштвото и управителот;

- одобрува склучување договори за набавка што е поголема од 1/5 од основната главнина;

- одобрува склучување договори што друштвото ги склучува со свој содружник, управител или со нивните роднини во права линија без ограничување и странична линија до трет степен, освен ако тие договори се склучуваат под вообичаените услови на работење на друштвото;

- одлучува за измена на договорот на друштвото;

- донесува одлуки за зголемување или намалување на основната главнина;

- врши други работи утврдени со Законот за трговски друштва.

### Член 19

Собирот на содружниците го свикува управителот со писмена покана, најмалку 10 дена пред одржувањето. Во поканата треба да биде наведен дневниот ред.

### Член 20

Секој содружник има право да учествува во работата на собирот на содружници. Секој содружник располага со гласови сразмерно на својот удел во друштвото. Бројот на гласовите се пресметува така да се добива по еден глас за секои 100 ЕВРА основен влог, сметано според средниот курс на Народна банка на РМ.

### Член 21

Одлуките на собирот на содружниците се донесуваат со гласовите на содружниците кои претставуваат повеќе од половината на уделите во друштвото.

## НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА И НАЧИН НА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА

### Член 22

Содружниците имаат право на учество во добивката која се утврдува според билансот на успехот.

Добивката на друштвото се дели меѓу содружниците сразмерно на процентот на учеството во основната главнина.

Содружниците можат со Одлука дел од добивката да искористат за зголемување на основната главнина на друштвото.

### Член 23

Загубата на друштвото ќе ја покриваат содружниците, соодветно на нивните основни влогови.

## ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

### Член 24

Друштвото со ограничена одговорност престанува со:

- одлука на содружниците;
- одлука за присоединување на друштвото кон друго друштво, спојување со друго друштво односно со поделба;
- стечај на друштвото;

- одлука на судот;
- други случаи определени со закон;

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 25**

Договорот за друштвото може да се измени само со одлука на содружниците, донесена најмалку со тричетвртинско мнозинство од вкупниот број гласови што ги имаат содружниците во друштвото.

Одлуката за зголемувањето на утврдените обврски на содружниците или за намалувањето на правата на содружниците што им припаѓаат според овој договор се донесува со согласност на сите содружници на друштвото коишто се засегнати од зголемувањето на обврските односно од намалувањето на правата.

**Член 26**

Друштвото стекнува својство на правно лице со денот на уписот во трговскиот регистар што се води во Централен регистар на Република Македонија.

Во правниот промет со трети лица, друштвото настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските во правниот промет со трети лица друштвото одговара со целокупниот свој имот, а основачите на друштвото како содружници сносат ризик до висина на своите основачки влогови.

**Член 27**

Измените на договорот ќе произведуваат правно дејство откако ќе бидат запишани во трговскиот регистар.

**Член 28**

За се што не е предвидено со овој договор ќе се применуваат одредбите на Законот за трговски друштва.

**Член 29**

Овој договор стапува во сила со денот на уписот во трговски регистар.

[ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]., [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ].

**Содружници:**

_________________
[ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ].

_________________
[ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ].